www.upoz.org.mk

Синдикален **Билтен**

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 46 (2) АПРИЛ - ЈУНИ 2007

## ДЕВЕТТА ПРОШИРЕНА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 18.04.2007 ГОДИНА

# ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА ГЕНЕРАЛЕН ШТРАЈК

Датумот за штрајкот дополнително ќе го утврди Извршниот одбор на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ а времето до отпочнувањето на штрајкот ќе се искористи за негова успешна организација, но и да се даде шанса на надлежните (власта - извршната и судската) да изнајдат решение за проблемите со платите и надоместоците на административните работници - беше заклучено на Деветтата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.




Согласно членот 236, став 2 и 5 од Законот за работни односи и согласно статутот на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на РМ (Синдикат на УПОЗ), Претседателството на Синдикатот на седницата одржана на 18.04.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
за организирање генерален штрајк во правосудните органи и јавните обвинителства

**I. Причини, место на одржување и времетраење на штрајкот**

**а)**. Одлуката за организирање генерален штрајк е донесена како резултат на неуспешните разговори и преговори повеќе од две и пол години со извршната власт и игнорирањето на било какви разговори и преговори од судската власт. Дополнителна причина е и зголемувањето на платите на носителот на правосудните функции кои согласно Законот за плати и други надоместоци на пратениците на Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица добија зголемување од почетокот на оваа година со што се создаде впечаток дека за една категорија вработени има средства а за друга нема.

**б)**. Штрајкот ќе се одвива во работните простории на основните и апелационите судови и јавни обвинителства.

**в)**. Штрајкот ќе отпочне на 27 јуни и ќе трае до 29 јуни 2007 година.

**г)**. Штрајкот ќе се одвива согласно Законот за работни односи и Упатството за начинот на организирање и водење штрајк.

**II. Барања**

**а)**. Зголемување на платите на судската администрација и администрацијата во јавните обвинителства.

**б)**. Исплата на надоместоците согласно колективниот договор.

**в)**. Работно време од 7,30-15,30 часот.

**III. Доставување на одлуката**

Одлуката да се достави до претставниците на Извршната власт (Влада и Министерството за правда) и Судската власт (претседателот на Судскиот буџетски совет до отпочнувањето на штрајкот да отпочне постапка за помирување, согласно Законот за работни односи, член 236 став 3).

Претседател,
Ванчо Муратовски

Времето изминува а надлежните за проблемите на платите и надоместоците на административните работници во правосудните органи кое еве полека ќе навлезе во третата година откако истото е актуелизирано на највисоко ниво - Владата на РМ, како да се глуви.

Огромното незадоволство меѓу вработените кулминираше со последното зголемување на платите на судиите во почетокот на оваа година. По неколкуте состаноци со претседателите на синдикалните организации од правосудните органи, се избра единственото можно решение - генерален штрајк.

За таа цел се распраавше на Деветтата проширена седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на која присуствуваа и претседателите на синдикалните организации од правосудните органи. На седницата беше поднесена информација за сите активности кои Синдикатот на УПОЗ ги преземаше досега. Последната адреса во изнаоѓањето на поволно решение беше претседателот на Републичкиот судски совет Бекир Исени. Иако неговите надлежности не се во делот на платите, синдикатот чуствуваше за потребно да го информира и него за игнорантскиот однос на надлежните како и за тоа дека таквиот нивен однос ќе предизвика генерален штрајк во правосудните органи. Истовремено средбата беше искористена да се побара и од него, во рамките на неговите надлежности како член на Судскиот буџетски совет, да се заложи во изнаоѓање на прифатливо решение.

Во средината на мај истекува и рокот кој синдикатот го остави за решавање на проблемите и во казнено - поправните установи. Со оглед на тоа што и за вработените во овие дејности нема никакви конкретни резултати, можно е и тие да се приклучат кон штрајкот, беше истакнато на седницата.

Имајќи ги предвид сите аргументи и евидентната незаинтересираност на надлежните, членовите на Претседателството донесоа одлука за организирање генерален

►►►►► 2

1 ◄◄◄◄◄

штрајк во праводсудните органи. Претседателството на Синдикатот на УПОЗ го задолжи Извршниот одбор да го утврди датумот за почеток на штрајкот и навреме да се известат сите синдикални организации од правосудните органи. Со тоа се дава шанса и на надлежните во „минута до дванаесет“ да покажат минимум желба за решавање на проблемите и да понудат прифатливо решение. Без оглед што постои мала веројатност за такво нешто, сепак синдикатот е подготвен низ дијалог и преговори да дојде до решение кое ќе биде прифатливо за вработените на кои се однесуваат барањата.

На седницата се расправаше и во врска со активностите околу одбележувањето на Први мај - меѓународниот ден на трудот. Имено, Сојузот на синдикатите на Македонија неколку години наназад се обидува да воспостави традиција на одбележување на празникот на трудот во духот на светските и европските традиции. За жал, беше констатирано на седницата, во изминатите години се покажа дека членството повеќе е заинтересирано да замине на излет во природа, отколку да се придружи на повикот на синдикатот и да се покаже масовност и единство. Но и покрај се, синдикатот нема да се откаже од својата намера да биде дел од светските и европските синдикати кои празникот на трудот го користат да и испратат порака на власта и да побараат подобри услови за работа, подобри плати...

Од овие причини беше договорено сите синдикални организации а особено оние кои се во Скопје, задолжително да присуствуваат со свои претставници. Покрај претседателот на синдикалната организација, задолжително да учествуваат и членовите на извршните одбори. За членовите пак од другите градови ќе биде организиран превоз до Скопје и на тој начин ќе им биде овозможено и тие да бидат дел од учесниците.

За поуспешна организација на Првомајскиот протест, Синдикатот на УПОЗ како еден од 17-те грански синдикати - членки на ССМ ќе даде сопствен придонес и притоа ќе ги обезбеди потребните реквизити: маичка за секој член на УПОЗ, транспаренти со актуелни пораки, свирчиња, знамиња и друго.

Со оглед на тоа што во повеќе синдикални организации проблемите на членството не се актуелизираат навреме, некаде како и да е прекината врската меѓу повереникот и главниот повереник, беше заклучено сите синдикални организации, особено оние кои се организирани на принципот на повереници, најдоцна до 20 мај да одржат состаноци на кои ќе се расправа за сите актуелни проблеми. Врз основа на таквите согледувања, на наредната седница која ќе се одржи во средината на јуни, би се расправало токму за тие прашања. Ваквите состаноци ќе бидат добра можност да се направи еден пресек на активностите и на она што најмногу го загрижува членството а намерата е за нив да се разговара на состаноците на раководството на синдикатот со работодавачите.

Овие состаноци треба да се искористат и за договор за начинот на дејствување, да се воочат слабостите а оние кои не можат да се носат со проблемите или сами да се повлечат и да го отстапат местото на похрабрите или членството да побара нивно разрешување.

На Деветата седница беше разгледана и усвоена информацијата од одржаната Осумнаесетта синдикална школа. Според дискусијата како и сознанијата од анкетниот прашалник спроведен меѓу учесниците и Осумнаесеттата синдикална школа беше одлично организирана со задоволителна посетеност, актуелни теми и компетентни предавачи.




## ОДГОВОР НА ПИСМАТА НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

# ЌЕ СЕ ЗАЛОЖИМЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ

Во врска со писмата кои Синдикатот на УПОЗ ги упати заради разрешување на проблемите со платите и другите надоместоци на вработените во правосудните органи на судската администрација, одговор на писмото имаше од претседателот на Републичкиот судски совет Бекир Исени како и од претседателот на Судскиот буџетски совет (за првпат), Дане Илиев.

Во одговорот претседателот на РСС Бекир Исени вели дека во врска со барањето на Синдикатот на УПОЗ за покренување на прашањето на платите и учеството на синдикатот на седниците на Судскиот буџетски совет, тој не може да преземе било какви дејствија, но како член на Судскиот буџетски совет, тој може да предлага измени и дополнувања на дневниот ред и затоа можеме да ја очекуваме неговата поддршка.

Бидејќи писмото на Претседателот на Судскиот буџетски совет Дане Илиев е кусо и има само една реченица го пренесуваме во целост:

Постапувајќи по вашето барање, ве известуваме дека на првата наредна седница на Судскиот буџетски совет вашето прашање ќе биде ставено на дневен ред и ќе биде разгледано.

Веруваме дека секој што ќе ја прочита оваа реченица ќе си го постави прашањето: дали кај оној што две и пол години се прогласуваше за ненадлежен одеднаш се јави желба да ги реши проблемите со платите, која е намерата на ваквото писмо, зошто претставник на синдикатот нема да биде поканет на седницата, како ќе бидеме информирани за она што е одлучено и сл.

Ваквиот одговор повеќе внесува забуна отколку оптимизам дека конечно нешто позитивно ќе се случи.

## ЗА ПРОБЛЕМОТ НА ПЛАТИТЕ НА СУДСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

# УПАТЕНО ПИСМО И ДО ПРЕМИЕРОТ

Во намерата да ја разбуди свеста кај надлежните, како последна адреса на која Синдикатот на УПОЗ упати писмо, беше премиерот Никола Груевски. Во писмото се вели:

„Проблемот со ниските плати на вработените во судската администрација е актуелен повеќе од две и пол години. Синдикатот на УПОЗ во тој период се обидуваше со преговори да изнајде решение и со поранешниот и со актуелниот министер за правда, но до тоа не дојде. Пречка во изнаоѓањето решение е и претседателот на Врховниот суд на РМ кој по функција е и претседател на Судскиот буџетски совет кој упорно одбива да разговара и да преговара за овие проблеми, самопрогласувајќи се за ненадлежен.

Дополнителен револт меѓу вработените предизвика зголемувањето на платите на судиите кое деновиве кулминира со барањето за генерален штрајк на вработените во правосудните органи.

Од овие причини се обраќаме лично до Вас како премиер на Владата на РМ да се заложите во изнаоѓање решение на проблемите. Ве молам за Вашите активности кои ќе ги преземете да бидеме информирани најдоцна до 15 април 2007 година бидејќи на 18 април е закажана седница на Претседателството на која треба да се донесе одлука за штрајк.

Ја користиме приликава да Ве информираме дека платите на судската администрација не се зголемени од 2002 година а платите на судиите се зголемија повеќекратно (за повеќе од 150 насто), што дополнително ја прави ситуацијата сложена и наелектризирана меѓу вработените во судовите.

Сметаме дека сме должни заеднички да придонесуваме во решавањето на ова актуелно прашање со цел да не дојде до штрајк со кој ќе се нанесе огромна штета на правосудството - се вели во писмото на Синдикатот на УПОЗ упатено до премиерот Никола Груевски упатено на 30.03.2007 година.

За жал, до заклучувањето на билтенот (25 јуни) сеуште нема никаков одговор.

## ДЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 25.06.2007 ГОДИНА

# РАСПРАВА ЗА АКТУЕЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА СИНДИКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Главна тема на расправа на Десеттата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беа актуелните проблеми на синдикалните организации. Притоа беа истакнати бројни проблеми, неисплата на надоместоци согласно колективните договори, деградирање на голем број вработени со преместување од едно на друго работно место или од еден во друг град, унапредување на работното место со притисоци за откажување од членство во синдикатот и други притисоци врз вработените - како дел од стратегијата на власта да го ослабне синдикатот и неговата позиција.

Проблемите на синдикалните организации во последнава година се разновидни и тие се разликуваат од средина до средина. Во Царинската управа огромно е незадоволството од строгите критериуми во поглед на извршувањето на работните обврски, заради што членовите на синдикатот бараат помош од него со цел да бидат заштитени од тортурите кои врз нив се вршат. Тука е и проблемот со прекувремената работа така што има огромен број работници кои за нецели шест месеци од оваа година веќе надминале на 200 часови. Продолжено работно време и непочитување на Законот за работни односи има речиси во сите министерства. Чести се преместустувањата од едно на друго работно место (најчесто со враќање неколку скалила назад односно распоредување на работно место за почетници), од еден во друг град без притоа да се почитуваат било какви законски одредби.

Пред почетокот на годишните одмори, од некои средини, веќе се најавува можноста да им биде скратено правото на годишен одмор или користење во строго утврдени термини без притоа да се почитува желбата и потребата на работниците. Присутни се проблеми и на нееднакво остварување на правото на надоместоци согласно колективниот договор како што е тоа во некои единици на локалната самоуправа што создава незадоволство и револт меѓу вработените.

Сепак најизразен е проблемот со исплатата на надоместоците од плата кои веќе подолг период не се почитуваат. Заради ова огромен број работници побарале судска заштита од синдикатот и ги добиле судските пресуди за исплата на надоместоците за превоз во висина на реалните трошоци, надомест за исхрана во висина од 25 % од просечната плата во Републиката, надомест за регрес за годишен одмор, работа во смени, во државни празници и слично. Но ваквите права се остваруваа до оној момент додека Врховниот суд на Македонија не донесе политичка одлука и им препорача на основните и апелационите судови ваквите барања да ги одбиваат со образложение „дека за оваа намена немало и не биле предвидени пари во буџетот“. Тоа создаваше револт кај членовите, но нивната лутина, наместо да биде упатена кон нефункционирањето на правната држава, тие постојано упатуваа критики на сметка на синдикатот велејќи дека „синдикатот не им помогнал“, што е нотрна лага пласирана од поединци и слабо информирани членови или членови кои не сакаат да прифатат дека виновник е власта. Но како и да е, синдикатот и натаму ќе настојува и ќе бара доследна примена на колективните договори и нивни почитување во делот на платите и надоместоците од плата.

Заради целосно запознавање на јавноста со сите овие проблеми како и за притисоците кои се вршат врз членовите на синдикатот да се откажат од негово членство и со тоа да ја ослабнат неговата позиција, Претседателството заклучи да се организира Прес конференција.

►►►►► 4

▶▶▶▶▶ 3

Во натамошниот тек на седницата членовите на Претседателството беа информирани за резултатите од преговорите за помирување во врска со штрајкот во правосудните органи и јавните обвинителства. Претседателството беше информирано дека на средбата со министерот за правда Михајло Маневски, по повод најавата за штрајк, не беа добиени никакви конкретни ветувањас во поглед на барањата на синдикатот туку само декларативни ветувања дека се работи на тоа платите на судските службеници да се зголемат и слични ветувања кои синдкатот ги слуша скоро три години. Од друга страна, најодговорниот за ваквите состојби во правосудството, претседателот на Судскиот совет Дане Илиев прогласувајќи се за ненадлежен, само писмено го извести синдикатот дека побарал средства со ребалансот на буџетот, што е исто така уште едно „само убаво ветување“. Оценувајќи дека ваквите одговори од другата страна не се конкретни, како и фактот што предлогот на синдикатот за исплата на паушал до конечното решавање на проблемот, не се прифати, членовите на Претседателството не можеа да донесат било каква одлука освен да ја потврдат донесената и како резултат на општото незадоволство на вработените во правосудните органи и јавните обвинителства да го потврдат одржувањето на штрајкот на 27,28 и 29 јуни.

Како трета точка на дневниот ред беше информацијата за одржаните Тринаесетти спортски игри и средби. Беше констатирано дека, како и претходните, оваа беа досега најдобро организиранте спортски игри, за што зборуваат и зборовите на пофалба на учесниците како и зборовите на благодарност на сите гости од синдикатите од странство и особено на колегите од синдикатот на Хрватска кои со 40 - тина учесниции беа во возвратна посета. Тринаесеттите спорски игри и средби беа уште една убава можност за спортско натпреварување на учесниците и нивно зближување и соработка.

Како такви тие опстојуваат веќе тринаесет години и тие навистина им се потребни на членовите и синдикатот.

***Писмо до Генералниот секретар на Светската синдикална организација од јавниот сектор (ПСИ)***

## *БЕЗ СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ И ПАРТИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА*

*Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ, кон крајот на април упати писмо до Генералниот секретар на Светската синдикална организација (ПСИ) Ханс Енгелберт со кое го информира за состојбите околу социјалниот дијалог, партизацијата на јавната администрација и притисокот кој се врши врз членовит на синдикатот да се откажат од членс во и да ја ослабнат неговата позиција.*

*Во писмото меѓу другото се наведува дека од конституирањето на новата Влада, Синдикатот на УПОЗ, како и федерацијата на која припаѓа - Сојузот на синдикатите на Македонија, тешко остваруваа комуникации со Владата и министерствата а евентуалните средб се формални и без конкретни резултат*

*Во меѓувреме, Владата и дава легитимитет на новоформираната Конфедерација на слободни синдикати иако федерација (ССМ) е релевантен и според Законот за работни односи, репрезентативен синдикат.*

*Меѓутоа, иако Владата не може целосн да го отстрани, сепак го одбегнува како социјален партнер и на тој начин се обидува да манипулира со синдикалнот*



**ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА**

# СЕ ОДРЖА ГЕНЕРАЛНИОТ ШТРАЈК

Согласно одлуката на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, Генералниот штрајк во правосудните органи и јавните обвинителства се одржа на 27, 28 и 29 јуни 2007 година.

Штрајкот беше успешно организиран и се одвиваше согласно упатството на Синдикатот на УПОЗ. За време на неговото одржување имаше обиди за притисоци врз штрајкувачите што беше најизразено во Основните судови I и II во Скопје каде претседателите се обидуваа да ги заплашат штрајкувачите со закани, притисоци и слично.

Синдикатот на УПОЗ и неговите членови можат да бидат горди на искажаното единство и солидарност и неподлегнувањето на притисоците и заканите, како и поддршката која ја добија од адвокатите и пошироката јавност.

Доколку власта се обиде да ни ги намали платите за трите дена од штрајкот, Синдикатот на УПОЗ е подготвен на сите штрајкувачи да им ја надомести загубената заработувачка од Солидарниот фонд.

Со оглед на тоа што власта не пројави интерес за преговори и доколку до почетокот на септември не понуди конкретни решенија, Синдикатот на УПОЗ ќе донесе одлука за нов штрајк. Тој би се организирал во почетокот на септември, би траел повеќе денови и би бил порадикален.

движење во Македонија. Заради ова имаме и проблеми околу усогласувањето на текстот на Колективниот договор за јавниот сектор кој треба да се усогласи со новиот Закон за работни односи иако ССМ е потписник на истиот.

Меѓутоа, не само што Владата сака да го отстрани ССМ во кој се обединети седум синдикати од јавниот сектор, од кои четири се членки на ПСИ, туку на седница на Владата донела заклучок преговорите да ги продолжи со Конфедерацијата на слободни синдикати во која членуваат само два синдикати од јавниот сектор.

Во писмото понатаму се наведува дека покрај овој проблем, Владата истовремено врши и партизација на јавната администрација која од ден во ден е се поприсутна. Спротивно на законите се деградираат јавните и државни службеници и од високи позиции кои ги имале во хиерархијата на власта, се распоредуваат на работни места предвидени за почетници. Се деградираат дури и оние службеници кои во изминатиот период се обучувале, посетувале семинари и биле носители на проекти сврзани со реформите во повеќе области од јавен интерес и финансирани од од Европската унија и од други светски организации и институции. Истовремено се ангажираат членови од партиите на власт.

На крајот од писмото, Синдикатот на УПОЗ го информира Генералниот секретар на ПСИ за притисокот кој се врши од страна на власта врз членовите на синдикатот да се откажат од членството во него со закани и притисоци по работното место. Притоа се применуваат и посуптилни методи на притисок со ветување за унапредување на работното место и повисоки плати.

## Други активности

Во периодот април – јуни меѓу другите активности беа остварени и повеќе работни состаноци во синдикалните организации на УПОЗ.
Во овој период повеќето активности и работни состаноци беа остварени во синдикалните организации на правосудните органи и јавните обвинителства заради можноста од организирање генерален штрајк а особено по донесената одлука за негово организирање.

Во врска со можноста од организирање генерален штрајк во правосудните органи и јавните обвинителства и негова поуспешна подготовка на **4.04.2007 година** се одржа состанок во **Основното јавно обвинителство во Скопје**

* * * *

На **12.03.2007 година во Битола** беше одржан работен состанок во **Подрачната единица на Министерството за правда** на кој беше разговарано за проблемите на вработените и можноста за остварување на правата од работен однос согласно колективниот договор.
Истиот ден на заеднички состанок со членовите на синдикалните организации на **Основниот, Апелациониот суд и Основното јавно обвинителство во Битола** беше разговарано за проблемите и евентуалното организирање на генералниот штрајк.

* * * *

Барајќи можности за решавање на проблемот со платите во правосудните органи, претседателот на Синдикатот на УПОЗ Ванчо Муратовски и генералниот секретар Пецо Грујовски на **13.04.2007** година имаа работна средба со **претседателот на Републичкиот судски совет Бекир Исени**. На средбата тој беше запознат со проблемите на вработените во судовите и отсуството на минимум одговорност од судската власт за решавање на проблемите со платите на судската администрација. На средбата, господинот Исени рече дека единствено што тој може да направи е како член на Судскиот буџетски совет да побара ова прашање да биде ставено на дневен ред.
Претставниците на синдикатот го информираа дека, доколку до почетокот на јуни не се изнајде решение, кон крајот на истиот месец можно е да дојде до блокада на судовите со организирање генерален штрајк.

* * * *

Работен состанок во врска со организирањето генерален штрајк, на **22.04.2007 година** беше одржан во **основните судови во Неготино и Кавадарци.**

* * * *

Активностите продолжија и во мај и на **3.05.2007 година** каде најпрво беше одржан состанок со синдикалните повереници од Штип а потоа состанок се одржа и во **Основниот и Апелациониот суд во Штип** а на **7.06.2007 година во Основниот суд во Велес.** Потоа на **13.06.2007 година** активностите продолжија со состаноци во основните судови во **Виница, Кочани и Радовиш** а два дена подоцна односно на **15.06.2007 година** во основните судови во **Гостивар и Тетово.** На **20.06.2007 година** беше посетена синдикалната организација на **Основниот суд во Гевгелија** а еден ден подоцна во основните судови во **Охрид и Струга**. Последните подготовки за штрајкот беше на состаноците со штрајкувачките одбори во **Основниот суд Скопје 1 и Основниот суд Скопје 2** што се одржаа на **22.06.2007 година.**

***Одговор на писмото на Синдикатот на УПОЗ од Генералниот секретар на ПСИ Ханс Енгелберт***

## *ПРОБЛЕМИ СО СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО МАКЕДОНИЈА*

*До г-дин Никола Груевски*
*Премиер на Владата на РМ*

*Почитуван Премиеру,*

*Нашата членка УПОЗ, Синдикатот на работниците од управата, правосудството и јавната администрација на Македонија, не информираше дека социјалниот дијалог во вашата земја не функционира. Информирани сме дека вашата Влада се меша во синдикалните работи, а дека синдикалните членови се изложени на закани или ветуваша за унапредување, со цел да се натераат да го напуштат синдикатот.*

*Според нашите сознанија, во однос на Колективниот договор за јавниот сектор, вашата Влада одбива да преговара со сите релевантни синдикати од овој сектор и на нефер начин ги одбира партнерите со кои сака да преговара.*

*И препорачуваме на вашата Влада да се врати кон вистинскиот социјален дијалог и да преговара со сите релевантни синдикати од споменатиот сектор.*
*Очекуваме дека социјалниот дијалог во Македонија ќе се одвива врз основа на признаените стандарди на Европската Унија и на Меѓународната организација на трудот МОТ.*

*Меѓународната организација на јавните служби ПСИ е глобална синдикална федерација која претставува 20 милиони жени и мажи вработени во јавните служби низ целиот свет. Има околу 600 синдикати членки во скоро 150 земји. ПСИ е официјално призната невладина организација за јавниот сектор во рамки на Меѓународната организација на трудот МОТ и има статус на консултант во ЕСЦОС, како и статус на набљудувач во други тела на ОН, како што се УНЦТАД и УНЕССО.*

*Искрено Ваш,*
*Ханс Енгелбертс*
*Генерален секретар*

ПО ПОВОД ПРВИ МАЈ – МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ТРУДОТ

# ПРОТЕСТ ЗАРАДИ ОТСУСТВОТО НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ

Сојузот на синдикатите на Македонија, на Први мај – Меѓународниот ден на трудот, организираше протест низ центарот на Скопје. Учесниците се собраа пред зградата на ССМ од каде што се упатија кон зградата на Собранието и кусо се задржаа пред неа. Притоа учесниците упатија забелешки кон законодавниот дом заради законите со кои секојдневно се намалуваат правата на работниците како и заради неможноста да ги решат проблемите на стечајните работници и да им обезбедат материјална и социјална сигурност на сите оние кои станаа жртви на нашата транзиција и без вина се најдоа на улица без егзистенција.

Учесниците потоа се упатија кон Владата на Република Македонија каде исто така со негодување и свирежи го изразија револтот од вкупните состојби во државата на социјален и економски план. Претседателот на ССМ Ванчо Муратовски во обраќањето пред Владата рече дека примарна цел на секое современо општество се работниците и дека власта е таа која треба да им овозможи на граѓаните да живеат од својот труд. Тој побара нови вработувања, запирање на трендот да се губат работните места, социјална политика што ќе овозможи социјална правда како и функционирање на правната држава. Притоа тој упати и критика до власта заради отсуството на социјалниот дијалог со што се прави штета на државата која претендира да биде членка на Европската унија.

Сите учесници потоа се упатија пред зградата на ССМ каде заврши Првомајскиот протест на ССМ односно синдикатите здружени во него. Во организацијата на протестот Синдикатот на УПОЗ имаше значајно и соодветно учество со свои членови што беше изразено со бројни реквизити и симболи – знамиња и маички за секој учесник.

## ДО УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 12 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани, поднесува

## ИНИЦИЈАТИВА

**за поведување постапка за оценување на уставноста на член 12, став 2, 3 и 4 од Законот за државен пазарен инспекторат (Службен весник на РМ бр.24/2007)**

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за државен пазарен инспекторат објавен во „Службен весник на РМ" од 1.03.2007 година.

Во членот 12, ставовите 2, 3 и 4 од Законот е утврдено дека „на секои 3 години се врши проверка на знаењето на инспекторот".

„Доколку исходот од проверката на знаењето од ставот 2 на овој член е негативен, по шест месеци од првата проверка се врши повторна проверка на знаењето на инспекторот. Доколку исходот од повторната проверка на знаењето на инспекторот е негативен, на инспекторот му престанува работниот однос".

„Постапката и начинот за проверка на знаењето на инспекторот ги пропишува министерот на предлог на директорот".

* * *

Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ смета дека, член 12 ставовите 2, 3, 4 од Законот не се во согласност со член 15 и член 44 од Уставот на РМ, па предлага, Уставниот суд на РМ да ја уважи оваа Иницијатива за оценка на уставноста на членот 12 од Законот за државен пазарен инспекторат и по спроведената доказна постапка донесе Одлука со која ќе го укине односно поништи членот 12 од овој Закон како спротивен на Уставот на Р. Македонија.

Имено, во членот 12 од Законот е дадено неприкосновено право на работодавецот, тој да оценува и одлучува за знаењето на вработеното лице - инспектор и во случај на негативна оценка при повторната оценка на знаењето на инспекторот, да одлучи да му престане работниот однос без притоа да му го овозможи уставното право на жалба против Одлуката за престанок на работниот однос.

Правото на жалба против поединечните правни акти во прв степен е загарантирано право на граѓанинот утврдено во член 15 од Уставот на Р. Македонија и не може со закон или акт на државен орган на граѓанинот да му се одзема и ограничува ова право, како што е сторено во членот 12 од Законот за државен пазарен инспекторат.

Исто така, со членот 12 од овој Закон е утврдено право на работодавецот да одлучува за знаењето на вработеното лице - инспектор што е спротивно на член 44 од Уставот на РМ.

Сметаме, дека за знаењето на вработеното лице може да одлучува само овластена образовна установа која е компетентна да даде оценка, дали одредено лице се стекнало со соодветно образование односно знаење за вршење на одредена работа или професија, а додека работодавецот може да го оценува работењето на лицето, во смисла на остварените резултати, квалитетот и квантитетот и совесноста на вршењето на работите. Според наше мислење образованието односно знаењето е услов одредено лице да биде вработено или именувано на одредено работно место.

Сметаме дека знаењето односно образованието е категорија од поширoко општествено значење и за истата треба да се грижи општествената заедница, а не некомпетентни субјекти, бидејќи на тој начин се отвора можност за субјективизам и манипулирање со правата од работен однос на лицата вработени како инспектори во одреден инспекторски орган.

Врз основа на погоре изнесеното, предлагаме Уставниот суд на Р. Македонија по одржување на својата седница, да донесе

## ОДЛУКА

**СЕ УВАЖУВА** Иницијативата за оценување на уставноста на членот 12 од Законот за државен пазарен инспекторат поднесена од Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на РМ.

**СЕ ПОНИШТУВА - УКИНУВА** членот 12 од Законот за државен пазарен инспекторат како противуставен.




## ДО УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**Предмет:**
**Иницијатива за оценка на уставноста и законитоста на Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање бр. 01-1081/02 од 16.02.2007 година**

ПРЕДЛАГАМЕ: Уставниот суд на Република Македонија да ја прифати иницијативата на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани и да поведе постапка за оценка на уставноста и законитоста на Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање бр. 01-1081/02 од 16.02.2007 година

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Член 51 од Уставот на РМ пропишува дека: *„Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон“.*

Член 88 став 2 од Уставот на РМ пропишува дека: *Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите”.*

Член 91 став 1 алинеа 6 од Уставот на РМ пропишува дека: *“Владата на Република Македонија утврдува начела за внатрешна организација и за работа на министерствата и другите органи на управата, ја насочува и врши надзор над нивната работа”*

*Член 3* од Законот за Организација и работа на органите на државната управа пропишува дека*:* *“Органите на државна управа своите надлежности утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост”.*

Член 7 од Законот за државни службеници пропишува дека:

*(1) Државните службеници во зависност од службените задачи што ги извршуваат се класифицираат во следниве групи и звања:*
*- I раководни државни службеници;*
*- II стручни државни службеници и*
*- III стручно-административни државни службеници.*
*(2) Раководни државни службеници се:*
*- генералниот секретар, државниот секретар, секретар на Градот Скопје, секретар на општина со седиште во град и секретар на општина со седиште во село;*
*- државен советник;*
*- раководител на сектор;*
*- помошник раководител на сектор и*
*- раководител на одделение.*

Имено, со главата II од Ситематизацијата на работите и задачите, по организациони облици, од Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање бр. 01-1081/02 од 16.02.2007 година е определено : *„организационата поставеност во Министерството за животна средина и просторно планирање, со која се укинати државните советници како организационен облик“*

Наведениот Правилник за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање не е во согласност со уставниот принцип на Уставност и законитост (*законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон*) како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

*Согласно член 56 од Организација и работа на органите на државната управа „Со правилникот се утврдуваат и се разработуваат одделни одредби на законите и другите прописи заради нивно извршување“ т.е. Правилникот е подзаконски акт и мора да биде во согласност со Уставот на РМ и Законот за државни службеници. Позицијата на државните советници како раководни државни службеници е уредена со горе цитираниот член 7 од Законот за државни слоужбеници, а нивните работни задолженија се дадени во Уредбата за описот и соодветноста на работните места со групите и звањата утврдени со Законот за државни службеници (нагласуваме дека не се работи за намалување на бројот на државни советници туку за бришење на цел организационен облик од Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање). Звањето државен советник како организационен облик е востановено со Законот за државни службеници и тоа може и да се укине со измена на постојниот закон а не со правилник за ситематизација. Правилникот како подзаконски акт со кој се утврдуваат и разработуваат одделни одредби на законите мора да биде во согласност со Законот за државни службеници.*

*Органите на државна управа своите надлежности утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост. Што е уште една потврда дека при донесувањето на Правилникот како подзаконски акт Министерастото морало да води сметка за неговата усогласеност со Законот.*

*Неводењето сметка за усогласеноста на Правилникот за систематизација на работните места со Законот за државните службеници во која ќе фалат цели делови од законски пропишаната структура (на пример отварање на можност да се направи ситематизација на Министерство без државен секретар или без сектори) можност за воведување на нови звања началници, шефови на кабинети во зависност од државниот орган и/или стручни служби во кои се вработени. Декомпресијата (односно изедначувањата на платите на државните службеници) е вршена согласно изедначувањата на звањата во органите на државната управа.*

*Заради наведеново, предлагаме Уставниот суд на Република Македонија да ја прифати иницијативата и да поведе постапка за оценка на уставноста и законитоста на Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање бр. 01-1081/02 од 16.02.2007 година.*

Тринаесетти спортски игри и средби 31 мај - 3 јуни 2007

# СПОРТСКИ ИГРИ ШТО ЗНАЧАТ ПОВЕЌЕ ОД СПОРТ И НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Тринаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ и оваа година се одржаа во Охрид, од 31 мај до 3 јуни во хотелите Метропол и Белви. Традицијата и натаму продолжува а масовноста како една од главните карактеристики беше присутна и годинава. Дури ни опструкциите кои некои работодавачи се обидоа да ги направат, не можеа да ја сопрат желбата да се учествува на игрите. Се собраа околу 600 – тини учесници кои се натпреваруваа во седум дисциплини во машка, седум во женска конкуренција и една заедничка дисциплина.

Можеби ќе биде нескромно, но ќе кажеме дека на игрите се функционираше како на најдобрите светски натпревари. Организациониот одбор и Натпреварувачката комисија навреме ги направија подготовките а и досегашното тринаесетгодишно искуство значи многу.

Свеченото отворање на игрите беше на 31 мај во 20,00 часот на фудбалското игралиште на Метропол. На свеченото отворање покрај учесниците беа и 40 – тина колеги од Синдикатот на државните и локланите службеници на Хрватска со нивниот претседател Ивица Ихас, потоа претставниците на Синдикатот на Народната банка на Србија а се очекуваа и гостите на Синдикатот на управата и правосудството на Црна Гора.

Во прекрасен амбиент, пред сите учесници и гости, најпрво настапи Културно – уметничкото друштво од Охрид а потоа по претставувањето на екипите присутните ги поздрави претседателот на Синдикатот на државните и локалните службеници на Хрватска Ивица Ихас:

„Навистина ми е мило што една мала екипа од нашиот синдикат доаѓа во возвратна посета на вашиот синдикат за да учествуваме заедно на вашите Тринаесетти спортски игри.“ Потоа од името на Синдикатот на Народната банка на Србија присутните ги поздрави Цмиља Станковиќ.

На крајот од свеченоста на присутните им се обрати претседателот на Синдикатот на УПОЗ и претседател на организациониот одбор, Ванчо Муратовски: „Една традиција еве трае веќе 13 години и верувам дека таа ќе продолжи уште долго и после нас... Мораме да бидеме единствени и мораме да се спротиставиме на сите обиди да не маргинализираат... И бидетеповеќе од сигурни дека тоа нема да го дозволиме и затоа барам од вас, првиот момент кога ќе оцениме дека нема вистински разговори, да излезете на повикот на синдикатот и да го направиме она што ни преостанува – протести, штрајкови и друго... Затоа уште еднаш ве повикувам да не се двоумите кога Претседателството на Синдикатот на УПОЗ ќе донесе одлука да се спротиставиме, туку да бидеме единствени. Затоа и во оваа прилика сакам да ви соопштам дека највероватно кон крајот на јуни вработените во правосудните органи ќе стапат во штрајк... Оставете ги партиските обоености бидејќи ние се бориме за нашите права кои ни припаѓаат а кои некој сака да ни ги скрати или намали.“





По обраќањето кон учесниците, претседателот Ванчо Муратовски ги прогласи игрите за отворени по што следуваше величенствен огномет.

Непосредно пред свеченото отворање се одржа натпреварот во најмасовната дисциплина - крос а веќе наредниот ден почнаа натпреварите во сите дисциплини. Се играше борбено и ангажирано со цел за добар успех и пласман во наредното коло односно освојување на едно од првите места.

Тринаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ завршија со свеченото прогласување на победниците на кои им беа доделени пехари и дипломи на првопласираните и признанија на второ и третопласираните.

На Тринаесеттите спортски игри севкупен победник беше екипата на Државниот завод за геодетски работи. Сите учесници ова тридневно и незаборавно другарување го завршија со заедничка забава до раните утрински часови. Наредниот ден заминаа со поздравот „Довидување до година на Четиринаесеттите спорстки игри“.

## ПОБЕДНИЦИ

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ТРИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ Е ЕКИПАТА НА ДЗГР.**

**Севкупен победник во машка конкуренција беше екипата на ДЗГР.**

**Севкупен победник во женска конкуренција е екипата на Фондот за здравство.**

**Второ место во севкупна конкуренција освои екипата на Царинска управа.**

**Трето место во севкупна конкуренција освои екипата на Фондот за здравство.**

**1. Место - Мал фудбал**
**Апелационо подрачје - Скопје**

**1. Место - Баскет**
**Локална самоуправа**

**1. Место - Кошарка**
**Царинска управа**

**1. Место - Пикадо**
**Воена болница**

**1. Место - Шах - жени**
**ДЗГР**

**1. Место - Шах - мажи**
**ДЗГР**

**1. Место - Крос - мажи**
**Зоран Димов - СОЗР на Влада**

**1. Место - Крос - жени**
**Сузана Монавчева - Фонд за здравство**

**1. Место Пинг - понг - мажи:**
**Апелационен суд - Штип**

**1. Место Пинг - понг - жени:**
**Фонд за здравствено осигурување**

**1. Место - Одбојка - мажи**
**ДЗГР**

**1. Место - Одбојка - жени**
**Фонд за ПИОМ**

**1. Место - Влечење јаже**
**(заедничка дисциплина):**
**Д З Г Р**

**1. Место - Тенис**
**Виктор Раниќ**

**1. Место - фрлање тројки**
**Игор Серафимовски - (м. конкуренција)**
**Сања Гоговска - (ж. конкуренција)**

**Фер плеј:**
**УЈП и Министерство за финансии**

**Најдобар спортист:**
**Виктор Ѓорѓиев - Апел. подрачје Штип.**


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 66–Скопје,
тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува: Пецо Груевски
• Подготовка за печат “Макформ”–Скопје
• Тираж 600 примероци